Согласно член 31 од Статутот на АД ”Фустеларко Борец” - Заштитно друштво Битола, Индустриска бб, а врз основа на одлуката на Управниот одбор од 20.05.2015 година, се објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК

Се свикува Годишно Собрание на акционери на АД ”Фустеларко Борец” Заштитно друштво - Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 16.05.2015 година /Сабота/ со почеток во 10 часот во деловните простории на друштвото, Индустриска б.б., Битола.

За Собранието се предлага следниот

# ДНЕВЕН РЕД

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар - нотар и еден бројач на гласови.

3.Разгледување и усвојување на извештајот од Управниот одбор за работењето на друштвото и одобрување на работата на члeновите на Управниот одбор во 2014 година.

4.Разгледување и усвојување на извештајот за работата на Надзорниот одбор и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор во 2014 година.

5.Разгледување и усвојување на ревидираниот финансиски извештај и годишната сметка за 2014 година.

6.Предлог-одлука за измени на Статутот на АД „Фустеларко Борец„ Заштитно друштво-Битола.

7.Предлог-одлука за отповикување на Надзорен одбор.

8.Предлог-одлука за отповикување на Управниот одбор..

9.Предлог-одлука за избор на членови на Одбор на Директори.

10.Предлог-одлука за утврдување на надоместок за работа на членовите на Одборот на директори.

11.Предлог-одлука за избор на ревизор за 2015 година.

12.Разгледување и усвојување на Планот за работа за 2015 година.

13.Разгледување и усвојување на годишниот извештај за 2014 година на службата за внатрешна ревизија.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на маил finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва ( детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на друштвото www.fustelarko.com.mk.

УПРАВЕН ОДБОР